**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП**
**Су.бр.80/2022**
**01.06.2022 година**

Врз основа на член 15 од Судскиот деловник (Сл.весник.бр.66/13), Претседателот на Основниот суд во Прилеп, Зоран Стеваноски, на ден 01.06.2022 година, донесе:

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2022 ДО 2024 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Основен суд Прилеп има за цел подобрување на управувањето при вршењето за работите од надлежност на судот ,поголема ефикасност и ефективност при извршувањето на законските надлежности.

Намената на овај документ е да развија стратегија за периодот од 2019-2022 година која ќе биде фокусирана кон подобрување на работењето од оргазационо,стручен и технички аспект со цел што поголем придонес кон создавање ефикасен суд.

Стратешкиот план ќе биде прикажан врз основа на логичен метод кој ќе се двии чекор по чекот:

-Опишување на моменталната состојба со анализа на силните и слаби страни,можности и закани.

-Опишување на околната средина вклучуваќи ги надлените закони и оргазационата поставеност на судовите.

-Дефинирање на посакуваната идна состојба во Основен суд Прилеп.

При изработката на овај стратешки план во предвид се имаше и стретегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година.

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

Основен суд Прилеп е суд со проширена надлежност кој постапува по судски предмети определени со Законот за судови, најчести се предметите кои ги покрива кривичниот оддел на судот и тоа прекршочните предмети и предметите за извршување на санкции, а од предметите од граѓански оддел најбројни се предметите од спорови со мала вредност.

Во судот работат 11 судии заедно со претседателот на судот а 1 судија е времено за период од една година упатен на извршување на судиската функција во Основен суд Крушево.. Од  вкупниот број на судии во судот 5 судии работат во кривичниот оддел, 5 судии во граѓанскиот оддел на судот. Претседателот на судот постапува по предмети за одлагање на издржување (ППНИ) и заверка на апостили.

Судската служба на судот ја сочинуваат судскиот администратор како раководен судски службеник, стручните судски службеници, помошно стручните судски слижбеници, судската полиција и вработените кои вршат технички и помошни работи во судот.

Судскиот администратор раководи со судската служба и е одговорен за стручните и административно техничките работи во судот.

Во судот се вработени 1 раководител на граѓански оддел и 14 стручни судски службеници распоредени во кривичниот и граѓанскиот оддел на судот .

Помошно стручните судски службеници се распоредени во судските писарници и за работа со судиите.

Во судот функционираат приемната писарница, писарницата за граѓански процесни спорови, писарница за трговски спорови и стечај, кривична писарница, писарница за извршување на кривични санкции, прекршочна писарница, писарница за платни налози, писарница за извршување на прекршочни санкции и писарница за вонпроцесни предмети.

Вработените кои вршат технички и помошни работи се распоредени на работните места: одржувач на парен котел и хаус мајстор, телефонска централа, возач и хигиеничари.

Организационата структура на судската полиција ја сочинуваат: командир на судската полиција, заменик командир и 4 припадници на судската полиција.

Моменталната состојба со бројот на вработени во судот е 86 вработени.

**Надлежност на судот**

Основниот суд во Прилеп е суд со проширена надлежност и согласно Законот за судови ги покрива подрајчата на општина Прилеп, општина Кривогаштани и општина Долнени.

Судот постапува по сите видови на спорови од областа на граѓанските односи, води постапка за кривични дела освен за оние кои со закон се отстапени на одделението за организиран криминал и корупција во Основен кривичен суд во Скопје. Судот води постапка и за вонпроцесните предмети освен за оставинските предмети кои се примаат во судот, а се распределуваат на нотарите како повереници на судот.

Основниот суд во Прилеп на почетокот на секоја година ги објавува и доставува до надлежните државни органи годишните извештаи за работа од претходната година..

Судот посебно внимание обрнува на старите нерешени предмети, постари од 2 години со тенденција бројот на ваквите предмети од било која област да го сведе на најниско можно ниво.

**Визија на судот**

Основниот суд Прилеп да обезбеди заштита на уставните загарантирани права на граѓаните на Република Северна Македонија и да обезбеди почитување на законските и подзаконски акти.

**Мисија на судот**

Мисијата на Основен суд Прилеп е да преку спроведување на соодветни постапки регулирани со процесните закони овозможи решавање на сите видови спорови од кривична и граѓанската област, спроведување на соодветни постапки по однос на барањата од ОЈО за гонење на сторители на кривични дела и барањата на надлежните органи по однос на сторени прекршоци.

## СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ОСНОВНИОТ СУД ВО ПРИЛЕП

Основниот суд во Прилеп како дел од судскиот систем на Република Северна Македонија е посветен на :

- Создавање на модерен, ефикасен и ажурен суд со зголемена доверба на граѓаните,
- Зголемена транспарентност и отвореност кон граѓаните за нивно запознавање со работата и резултатите на судот.
- Примена на информатичката технологија со цел поажурно извршување на обврските од своја надлежност,
- Континуиран стручен придонес за јакнење на професионалните капацитети на судиите и на вработените во судската служба преку учество или организирање на едукации и советување,
- Преземање на активности за подобрување на организацијата и работата на судот, подобрување на квалитетот на интерната и екстерната комуникација.

## *КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ*

- *Доследна примена и постапување по одредбите од донесената законска регулатива во Република  С.Македонија*
- *Следење на работата на судот и поднесување предлози за подбрување*
- *Континуирано следење на примената на законите и поднесување иницијативи за изменување и дополнување на законската регулатива*
- *Унапредување на соработката на институциите на судска власт .*
- *Јакнење на инстуционалните и административни капацитети на судот.*
- *Унапредување на примената на ИКТ .*
- *Подготовка на периодични и годишни извештаи*
- *Транспарентност во работењето.*
- *Ефикасно и економичо извршување на средствата распреелени од страна на Судскиот буџетски совет*
- *Унапредување на стручноста и вештините на судиите и судската служба.*

***ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ***

- *Етичност, Совесност и Чесност*
- *Правичност,*
- *Правна сигурност*
- *Јавност*
- *Посветеност во работата,*
- *Следење и примена на современите технологии во судство*

**SWOT анализа на Основен суд Прилеп**

Со цел јасно и објективно согледување на моменталната состојба на Основен суд Прилеп е изработена **SWOT** анализа на внатрешните фактори односно силните и слаби страни на Основен суд Прилеп како  и спроведената анализа на надворешните фактори кои влијаат на работењето на Основен суд Прилеп.

***ЈАКИ СТРАНИ***

1. Автоматска распределба и движење на судските предмети преку АКМИС.
2. Континуирано совладување приливот на нови предмети и  намалување на  бројот на стари и нерешени предмети
3. Судот е отворен за јавноста
4. Редовно објавување на одлуките, судењата (рочишта), соопштенија на веб страната на судот.
5. Постојат капацитети во делот на информатичката и компјутерската технологија (ИКТ)
6. Академијата обезбедува соодветна едукација и доедукација за судиите и вработените во судската служба.

***СЛАБИ СТРАНИ***

1. Кадровска неекипираност со намалување на бројот на судии и вработени во судската служба
2. Недостаток од  кадри за посилна комуникациска стратегија со јавноста и медиумите.
3. Не постои методологија за утврдување на бројот на вработените.
4. Недостаток на средства за капитални инвестиции .
5. Не постои директна електронска поврзаност со другите судови.

***МОЖНОСТИ (Позитивни надворешни фактори)***

1. Постои потреба за унапредување на критериумите за оценување на судиите. Има потреба од оценка на системот на утврдување на одговорност на судиите и оценувањето на нивната работа
2. Постои потреба од унапредување на статусот на судските службеници .

***НЕПОВОЛНОСТИ (негативни надворешни фактори)***

1. Има потреба од зголемување на финансиски средства на судот
2. Постои потреба од целосно ревидирање на Законот за судска служба
3. Нема согланосност од надлежните институции за дел вработувања кои се неопходни, како и унапредување на вработените согласно Законот за судска служба
4. Тешкотитии при спроведување  на Законот судска служба поради колизија на дел од неговите одредби со одредбите на друг закон.
5. Има делумно неприфаќање на системот на електронска достава од сите заинтересирани страни (државни органи, адвокати и правни лица)

**5. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, НАСОКИ и АКТИВНОСТИ**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1. Зголемување на ефикасноста на судот и јакнење на довербата на граѓаните**

**1.1. Понатамошно јакнење на инстуционалните и административни капацитети на институциите на судската власт**

1.1.1. Изготвување на методологија за утврдување на број на судии и вработени во судската служба

1.1.2. Продолжување на практиките на совладувањето на приливот на нови предмети и намалување бројот на стари и нерешени предмети

1.1.2.1. Понатамошно подобрување на состојбата со управувањето со предметите во судот.

1.1.2.2 Континуирано следење на примената на законите (Законот за судови, Законот за судска служба, Закон за управување со движењето на предметите во судовите и Судски Деловник) и поднесување на предлози за изменување и дополнување

**2.1. Унапредување на соработката со повисоките судови**

2.2.1. Разгледување преку судските оддели на начелни ставови и начелни правни мислења од општата седница на ВСРМ, правни мислења и заклучоци на одделите во ВСРМ и Апелационите судови со цел воедначување на судската пракса.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Зголемена транспарентност на судот и јакнење на довербата на граѓаните**

2.2.1.1. Редовно објавување на веб страни на судот на одлуките, судењата (рочишта), соопштенија итн.

2.2.2. Секојдневно ажурирање на електронската огласна табла во судот

**Стратешка цел 3. Контиурано унапредување на стручноста и вештините на судиите и судската служба во судот**

4.1.1 Следење на обуките организирани од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје од страна на судиите и судските службеници.

4.1.2 Иницирање да се воведе и следи и е-учење во програмите за едукација на судии и судска служба

### 7.1. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

За успешно и доследно спроведување на Стратешкиот план ќе се спроведе соодветен мониторинг во периодот кој го покрива овој документ, како и оценка на достигнувањата во секоја година.

**ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ ,**
**Зоран Стеваноски**